**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-240/8**

**Скопје, 21.07.2008 година**

## ДО
## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Општина Гази Баба Сметка за донации (785) за 2007 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката за донации за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Коце Трајановски, градоначалник на Општина Гази Баба во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 29.04.2008 до 30.04.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Општина Гази Баба има приход по основ на донации од АД „Скопски Саем„ Скопје во износ од 30 илјади денари односно спонзорство од „Лук Оил„ Скопје во износ од 50 илјади денари, за кој приход нема склучено договори за донација и спонзорство помеѓу давателот и примателот на донацијата и спонзорството што е спротивно на Закон за донации и спонзорства во јавните дејности. Непочитувањето на законските прописи создава услови за недефинирани односи помеѓу давателите и корисниците на донации и можност за субјективно одлучување при располагање со одобрените средства

**Препорака:**

Градоначалникот на општина Гази Баба согласно Законот за донации и спонзорства да склучува договори со субјектите даватели на донации и спонзорства.

**10.2. Не применување на одредбите од Законот за јавни набавки**

10.2.1. Извршена е изградба на влезен хол – едношалтерски систем без постапка за јавна набавка спротивно на член 29 од Законот за јавни набавки, за што е склучен договор на износ од 1.052 илјада денари.
Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно законските прописи создаваат можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност при склучување на договорите и привилегирана положба на одредени добавувачи.

**Препорака:**

Да се воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат соодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, почнувајќи од планирање, евалуација, избор на најповолен понудувач, до спроведување на договорите склучени со најповолните добавувачи.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за донации на Општина Гази Баба на ден 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката за донации на Општина Гази Баба поради значајноста на точка 10.2.1. не е остварено законско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

**Скопје, 15.07.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СМЕТКА ЗА ДОНАЦИИ (785)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 650 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1. | 1.165 | 2.800 |
| **Вкупно приходи** | | **1.815** | **2.800** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 1.754 | 1.776 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.754** | **1.776** |
| **Вкупно расходи** | | **1.754** | **1.776** |
| **Вишок на приходи** | | **61** | **1.024** |

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СМЕТКА ЗА ДОНАЦИИ (785)

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 61 | 1.024 |
| **Вкупно тековни средства** | | **61** | **1.024** |
| **Вкупна актива** | | **61** | **1.024** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 61 | 1.024 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **61** | **1.024** |
| **Вкупна пасива** | | **61** | **1.024** |